# BOSCH

## Professional

## GCM 340-305 D




**Robert Bosch Power Tools GmbH**
70538 Stuttgart
GERMANY

**www.bosch-pt.com**



**1 609 92A A2U** (2026.07) PS / 29

1 609 92A A2U


**mk** Оригинално упатство за работа

Македонски........................................ Страница 14

C€

https://eu-doc.bosch.com/




(1)
(2)
(3)
(4)
(5)
(6)
(7)
(8)
(9)
(10)
(11)
(12)
(13)
(14)
(8)
(15)
(16)
(17)
(18)
(19)
(20)
(21)
BOSCH


(25)
(26)
(3)
(24)
(23)
(27)
(28)
(22)
(29)
(33)
(32)
(31)
(30)
BOSCH


(34)
(35)
(3)
(36)
(37)
(3)
(39)
(37)
(38)


(43)
(16)
(42)
(19)
(27)
(55)


A
(16)
(16)
(41)
(40)
(41)
(40)


B1
(8)
(8)
(8)


B2


C
(12)


D
(36)
(43)


E
BOSCH
(42)


F1
(7)
(28)


F2
(27)
(23)


F3
(44)
(45)
(46)
(27)


F4
(47)
(46)
(45)
(44)

G




H




I




J
(37)
(18)


K
(49)
(19)
(48)
(39)


L
(13)
(32)
(14)
(10)
(11)


M1
(38)
(50)
(51)
(20)


M2
(52)
(51)


M3
(53)


M4
(20)
(4)
(38)


N
(5)
(34)


O


P
(1)
(18)
(17)


Q
(35)


R
(29)
(15)


S
BOSCH
(26)
(25)


T
(9)
(54)
(54)
(54)


U1
(55)


U2
(56)
(56)


V
(52) (57)
(51)
(57)
(50)


W
0
15
22.5
30
(33)
(58)
(13)


X
(3)
(30)

# Македонски

## Безбедносни напомени

### Општи предупредувања за безбедност на електрични алати

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Прочитајте ги сите безбедносни предупредувања, илустрации и спецификации приложени со овој електричен алат.** Непридржувањето до сите упатства приложени подолу може да доведе до струен удар, пожар и/или тешки повреди.

**Зачувајте ги безбедносните предупредувања и упатства за користење и за во иднина.**

Поимот „електричен алат“ во безбедносните предупредувања се однесува на електрични апарати што користат струја (кабелски) или апарати што користат батерии (акумулаторски).

**Безбедност на работниот простор**

- ▶ **Работниот простор одржувајте го чист и добро осветлен.** Преполни или темни простории може да доведат до несреќа.
- ▶ **Не работете со електричните алати во експлозивна околина, како на пример, во присуство на запаливи течности, гасови или прашина.** Електричните алати создаваат искри коишто може да ја запалат прашината или гасовите.
- ▶ **Држете ги децата и присутните подалеку додека работите со електричен алат.** Невниманието може да предизвика да изгубите контрола.

**Електрична безбедност**

- ▶ **Приклучокот на електричниот алат мора да одговара на приклучницата. Никогаш не го менувајте приклучокот. Не користите приклучни адаптери со заземјените електрични алати.** Неизменетите приклучоци и соодветните приклучници го намалуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **Избегнувајте телесен контакт со заземјени површини, како на пример, цевки, радијатори, метални ланци и ладилници.** Постои зголемен ризик од струен удар ако вашето тело е заземјено.
- ▶ **Не ги изложувајте електричните алати на дожд или влажни услови.** Ако влезе вода во електричниот алат, ќе се зголеми ризикот од струен удар.
- ▶ **Не постапувајте несоодветно со кабелот. Никогаш не го користете кабелот за носење, влечење или исклучување од струја на електричниот алат. Кабелот чувајте го подалеку од оган, масло, остри ивици или подвижни делови.** Оштетени или заплеткани кабли го зголемуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **При работа со електричен алат на отворено, користете продолжен кабел соодветен за надворешна употреба.** Користењето на кабел соодветен за надворешна употреба го намалува ризикот од струен удар.
- ▶ **Ако мора да работите со електричен алат на влажно место, користете заштитен уред за диференцијална струја (RCD).** Користењето на RCD го намалува ризикот од струен удар.

**Лична безбедност**

- ▶ **Бидете внимателни, внимавајте како работите и работете разумно со електричен алат. Не користете електричен алат ако сте уморни или под дејство на дроги, алкохол или лекови.** Еден момент на невнимание додека работите со електричните алати може да доведе до сериозна лична повреда.
- ▶ **Користете лична заштитна опрема. Секогаш носете заштита за очи.** Заштитната опрема, како на пр., маска за прашина, безбедносни чевли коишто не се лизгаат, шлем или заштита за уши, коишто се користат за соодветни услови, ќе доведат до намалување на лични повреди.
- ▶ **Спречете ненамерно активирање. Проверете дали прекинувачот е исклучен пред да го вклучите во струја и/или со сетот на батерии, пред да го земете или носите алатот.** Носење на електричните алати со прстот позициониран на прекинувачот или вклучување во струја на електричните алати чијшто прекинувачот е вклучен, може да предизвика несреќа.
- ▶ **Отстранете каков било клуч за регулирање или француски клуч пред да го вклучите електричниот алат.** Француски клуч или клуч прикачен за ротирачкиот дел на електричниот алат може да доведе до лична повреда.
- ▶ **Не ги пречекорувајте ограничувањата. Постојано одржувајте соодветна положба и рамнотежа.** Ова овозможува подобра контрола на електричниот алат во непредвидливи ситуации.
- ▶ **Облечете се соодветно. Не носете широка облека и накит. Косата и алиштата треба да бидат подалеку од подвижните делови.** Широката облека, накитот или долгата коса може да се закачат за подвижните делови.
- ▶ **Ако се користат поврзани уреди за вадење прашина и собирање предмети, проверете дали се правилно поврзани и користени.** Собирањето прашина може да ги намали опасностите предизвикани од неа.
- ▶ **Не дозволувајте искуството стекнато со честа употреба на алатите да ве направи спокојни и да ги игнорирате безбедносните принципи при нивното користење.** Невнимателно движење може да предизвика сериозна повреда во дел од секунда.

**Употреба и чување на електричните алати**

- ▶ **Не го преоптоварувајте електричниот алат. Користете соодветен електричен алат за намената.** Со соодветниот електричен алат подобро, побезбедно и побрзо ќе ја извршите работата за која е наменет.

- **Не користете електричен алат ако не можете да го вклучите и исклучите со помош на прекинувачот.** Секој електричен алат којшто не може да се контролира со прекинувачот е опасен и мора да се поправи.
- **Исклучете го електричниот алат од струја и/или извадете го сетот на батерии, ако се вади, пред да правите некакви прилагодувања, менувате дополнителна опрема или го складирате електричниот алат.** Со овие превентивни безбедносни мерки се намалува ризикот од случајно вклучување на електричниот алат.
- **Чувајте ги електричните алати подалеку од дофат на деца и не дозволувајте лицата кои не ракувале со електричниот алат или не се запознаени со ова упатство да работат со истиот.** Електричните алати се опасни во рацете на необучени корисници.
- **Одржување на електрични алати и дополнителна опрема. Проверете го порамнувањето или прицврстување на подвижните делови, спојот на деловите и сите други услови што може негативно да влијаат врз функционирањето на електричниот алат. Ако е оштетен, однесете го електричниот алат на поправка пред да го користите.** Многу несреќи се предизвикани заради несоодветно одржување на електричните алати.
- **Острете и чистете ги алатите за сечење.** Соодветно одржуваните ивици на алатите за сечење помалку се виткаат и полесно се контролираат.
- **Електричниот алат, дополнителната опрема, деловите и др., користете ги во согласност со ова упатство, внимавајте на работните услови и работата која ја вршите.** Користењето на електричниот алат за други намени може да доведе до опасни ситуации.
- **Рачките и површините за држење одржувајте ги суви, чисти и неизмастени.** Рачките и површините за држење што се лизгаат не овозможуваат безбедно ракување и контрола на алатот во непредвидливи ситуации.

**Сервисирање**

- **Електричниот алат сервисирајте го кај квалификувано лице кое користи само идентични резервни делови.** Со ова се овозможува безбедно одржување на електричниот алат.

## Безбедносни предупредувања за аголни пили

- **Аголните пили се наменети за сечење дрво или слични производи, не може да се употребуваат со абразивни дискови за сечење на обоени метали, како на пр. шипки, прачки, шајки и др.** Абразивната прашина предизвикува блокирање на ротирачките делови, како што е долниот штитник. Искрите од абразивно сечење го горат долниот штитник, засекот и пластичните делови.
- **Користете стегачи за држење на делот што се обработува кога постои можност. Ако го потпирате делот што се обработува со рака, раката постојано мора да биде на оддалеченост од најмалку 100 mm од двете страни на сечилото од пилата. Не ја користете оваа пила за сечење на многу мали парчиња што не може безбедно да се зацврстат или да се држат со рака.** Ако раката ја ставите премногу блиску до сечилото на пилата, постои голема опасност од повреда ако го допрете сечилото.
- **Делот што се обработува мора да биде статичен и прицврстен, или да се држи и за граничникот и за масата. Не го ставајте делот што се обработува во сечилото или жлебот со слободна рака.** Слободен или неприцврстен дел што се обработува може да се отфрли со голема брзина и да предизвика повреда.
- **Притиснете ја пилата низ делот што се обработува. Не ја влечете пилата низ делот што се обработува. За да пресечете, подигнете ја главата на пилата и повлечете ја преку делот што се обработува без сечење, вклучете го моторот, притиснете ја главата на пилата надолу и турнете ја пилата низ делот.** Со повлекување на пилата додека сечете сечилото може да се искачи на врвот на делот што се обработува и силно да го отфрли склопот на сечилото кон операторот.
- **Не ги прекрстувајте рацете врз одредената линија за сечење пред и зад сечилото на пилата.** Држење на делот што се обработува со вкрстени раце т.е. држење на делот на десната страна од сечилото на пилата со лева рака или обратно е многу опасно.
- **Не посегнувајте зад граничникот на растојание помало од 100 mm од двете страни на сечилото за да ги отстраните дрвените остатоци или заради друга причина додека сечилото ротира.** Може да не забележите колку блиску е сечилото до вашата рака и може сериозно да се повредите.
- **Разгледајте го делот што се обработува пред да започнете со сечење. Ако делот што се обработува е накривен или навален, прицврстете ја надворешната навалена страна на граничникот. Секогаш проверувајте дали има празнина меѓу делот што се обработува, граничникот и масата покрај линијата на сечење.** Накривен или навален дел што се обработува може да се извитка или помести и да предизвика виткање на сечилото кое ротира при сечење. Не смее да има шајки или други надворешни предмети во делот што се обработува.
- **Не ја употребувајте пилата ако на масата, освен делот што се обработува, има алати, дрвени остатоци и др.** Мали остатоци или расфрлани парчиња дрво или други предмети ако се допрат до ротирачкото сечило може да се расфрлат со голема брзина.
- **Сечете само еден дел истовремено.** Повеќе парчиња не може соодветно да се зацврстат или

поврзат и може да се фатат за сечилото или да се изместат во текот на сечењето.

- **Проверете дали пилата за сечење под агол е монтирана или наместена на рамна, цврста работна површина пред да ја користите.** Рамна и цврста работна површина го намалува ризикот пилата за сечење под агол да стане нестабилна.
- **Испланирајте ја работата. Кога ќе ја промените косината или подесениот агол на закосување, проверете дали граничникот кој се подесува е правилно поставен за држење на делот што се обработува и дека нема да го попречува сечилото или заштитниот систем.** Без вклучување на алатот на „ON“ и без делот што се обработува на масата, движете го сечилото на пилата низ целосно симулиран пресек за да проверите дали има некакви пречки или опасност да се пресече граничникот.
- **Обезбедете соодветен потпирач, како на пр., додаток на масата, ногарки за потпора на пилата и др., за дел што се обработува кој е поширок или подолг од горниот дел на масата.** Ако деловите што се обработуваат се подолги или пошироки од пилата за сечење под агол може да се навалат доколку не се зацврстени. Ако отсечен дел или дел што се обработува се навали, може да го подигне долниот штитник или да биде отфрлено од ротирачкото сечило.
- **Не користете друго лице како замена за додаток на масата или како дополнителен држач.** Нестабилен држач за делот што се обработува може да предизвика зафаќање на сечилото или поместување на делот што се обработува во текот на сечењето и да ве повлече вас и помошникот кон ротирачкото сечило.
- **Отсечен дел не смее да се заглави или притиска кон ротирачкото сечило.** Ако е ограничено, т.е. со помош на граничниците за должина, исечениот дел може да се заглави на сечилото и силно да се отфрли.
- **Постојано користете стега или прицврстувач правилно дизајниран за држење на тркалезен материјал, како на пр., прачки или цевки.** Прачките се склони кон вртење додека се сечат и предизвикуваат сечилото да го засекува и влече делот со вашата рака кон сечилото.
- **Оставете сечилото да достигне целосна брзина пред да го допре делот што се обработува.** Со ова ќе се намали ризикот делот што се обработува да биде отфрлен.
- **Ако делот што се обработува или сечилото се заглави, исклучете ја аголната пила. Почекајте сите подвижни делови да застанат и исклучете го приклучокот од струја и/или извадете го пакувањето со батерии. Потоа извадете го заглавениот материјал.** Ако продолжите да сечете со заглавен дел што се обработува може да изгубите контрола или да ја оштетите пилата.
- **Откако ќе завршите со сечењето, ослободете го копчето, држете ја главата на пилата надолу и почекајте сечилото да застане пред да го извадите исечениот дел.** Приближување на раката до сечило кое сè уште врти е опасно.
- **Држете ја рачката цврсто кога правите нецелосен засек или кога го ослободувате копчето пред пилата да биде ставена во целосна надолна позиција.** Сопирањето на пилата може да предизвика главата на пилата ненадејно да биде повлечена надолу и да предизвика опасност или повреда.
- **Не отпуштајте ја рачката ако главата на пилата ја има достигнато најдолната позиција. Секогаш враќајте ја рачно главата на пилата до најгорната позиција.** Ако главата на пилата се движи неконтролирано, тоа може да доведе до ризик од повреди.
- **Одржувајте ја чистотата на работното место.** Мешавините на материјали се особено опасни. Правта од лесен метал може да се запали или експлодира.
- **Не користете тапи, пукнати, свиткани или оштетени листови за пила. Листовите на пилата со тапи или неправилни запци, заради претесниот резен процеп, предизвикуваат зголемено триење и заглавување на листот на пилата или повратен удар.**
- **Не користете листови за пила од високо легиран брзорезен челик (HSS-челик).** Таквите листови на пила може лесно да се скршат.
- **Секогаш користете сечила со точна големина и форма (дијамантски наспроти тркалезни) за арбор дупки.** Сечила кои не одговараат на металниот дел за монтирање на сечилото ќе излезат од средиштето, што ќе предизвика губење на контрола.
- **Никогаш не ги отстранувајте остатоците од сечењето, дрвените струготини и сл. од полето за сечење, додека е вклучен електричниот уред.** Најпрво ставете ја рачката на апаратот во позиција на мирување и потоа исклучете го електричниот апарат.
- **Не го фаќајте листот од пилата по работата, додека не се олади.** Листот за пилата за време на работата се вжештува.

# Ознаки

Следните ознаки се од големо значење за користењето на вашиот електричен алат. Ве молиме запаметете ги ознаките и нивното значење. Вистинската интерпретација на ознаките Ви помага подобро и побезбедно да го користите електричниот алат.

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | **Не посегнувајте со дланките во полето на сечење, додека работи електричниот алат.** Доколку дојдете во контакт со сечилото за пила постои опасност од повреда. |

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | **Носете маска за заштита од прав.** |
|  | **Носете заштитни очила.** |
|  | **Носете заштита за слухот.** Изложеноста на бучава може да влијае на губењето на слухот. |
|  | **Опасна зона! Држете ги дланките, прстите или рацете колку е можно подалеку од оваа зона.** |
|   | Внимавајте на димензиите на сечилото за пила (дијаметар на сечилото за пила **D**, дијаметар на отворот **d**). Дијаметарот на отворот **d** мора точно да биде наместен на вретеното на алатот. Доколку е неопходно користење на редуцирачки делови, внимавајте димензиите на редуцирачкиот дел да одговараат на дебелината на сечилото за сечење и на дијаметарот на отворот на сечилото за пила, како и на дијаметарот на вретеното на алатот. Доколку е можно, со сечилото за пила користете ги испорачаните редуцирачки делови.<br>Дијаметарот на сечилото за пила **D** мора да одговара на податоците на ознаката.<br>Видете исто така „Димензии за соодветни сечила за пила“ во поглавјето „Технички податоци“. |
|     | При сечење на вертикални агли на закосување подесливите гранични водилки мора да се повлечат сосема нанадвор одн. целосно да се отстранат. |

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | За да го приспособите десниот вертикален опсег на аголот на закосување, прво навалете ја рачката на алатот малку налево, а потоа притиснете го лостот за приспособување налево. |
|   | За да го приспособите вкупниот вертикален опсег на аголот на закосување до 47° (налево и надесно), копчето за блокада мора да се притисне навнатре. |
|   | За подесување на вертикални стандардни агли на закосување (22,5° и 33,9°), лостот за блокада мора да се ослободи нагоре. |

# Опис на производот и перформансите



**Прочитајте ги сите безбедносни напомени и упатства.** Грешките настанати како резултат од непридржување до безбедносните напомени и упатства може да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди.

Внимавајте на сликите во предниот дел на упатството за користење.

## Употреба со соодветна намена

Електричниот апарат е наменет за правење на должински и напречни резови на цврста подлога со прав рез во дрво, како фиксен уред. Притоа се возможни хоризонтални агли на закосување од −52° до +60° како и вертикални агли на закосување од 47° (на левата страна) до 47° (на десната страна).

Капацитетот на електричниот алат е предвиден за сечење на тврдо и меко дрво, како и иверки и лесонит.

Со користење на соодветни сечила за пила, можно е и сечење на алуминиумски профили и пластика.

## Илустрација на компоненти

Нумерирањето на илустрираните компоненти се однесува на приказот на електричниот алат на графичката страница.

**(1)** Завртка за фиксирање на механизмот за влечење

**(2)** Механизам за влечење

**(3)** Транспортна рачка

**(4)** Рачка

**(5)** Блокада при вклучување на прекинувачот за вклучување/исклучување
**(6)** Заштитен капак
**(7)** Осцилаторен заштитен капак
**(8)** Отвори за монтажа
**(9)** Плоча за вметнување
**(10)** Копче за блокада на аголот на закосување (хоризонтално)
**(11)** Копче за фиксирање на саканиот агол на закосување (хоризонтално)
**(12)** Заштита од превртување
**(13)** Агломер за аголот на закосување (хоризонтално)
**(14)** Жлебови за стандарден агол на закосување (хоризонтално)
**(15)** Продолжеток за маса за сечење
**(16)** Основа на предметот за обработка
**(17)** Фиксирана гранична водилка
**(18)** Подеслива гранична водилка
**(19)** Столарска стега
**(20)** Лост за приспособување на опсегот на аголот на закосување (вертикално налево или вертикално надесно)
**(21)** Лост за блокада за стандардниот агол на закосување (вертикално)
**(22)** Лизгачки валјак
**(23)** Блокада за вретеното
**(24)** Излезен отвор за работното светло
**(25)** Граничник за длабочина
**(26)** Завртка за подесување на граничникот за длабочина
**(27)** Клуч со внатрешна шестаголна глава
**(28)** Транспортен осигурувач
**(29)** Граничник за должина
**(30)** Жлебови за држење
**(31)** Затезен лост за продолжување на масата за сечење
**(32)** Маса за сечење
**(33)** Скала за аголот на закосување (хоризонтално)
**(34)** Прекинувач за вклучување/исклучување
**(35)** Прекинувач за вклучување/исклучување за работното светло
**(36)** Исфрлувач на струготини
**(37)** Пеперутка-завртка за фиксирање на подесливата гранична водилка
**(38)** Тркало за стегање за аголот на закосување (вертикално)
**(39)** Отвори на столарската стега
**(40)** Прифат за основата на делот за обработка (на електричниот алат)
**(41)** Прифат за втората основа на делот за обработка (на основата на делот за обработка)
**(42)** Адаптер за всисување
**(43)** Кеса за прав
**(44)** Завртка со внатрешна шестаголна глава за прицврстување на сечилото за пила
**(45)** Стезна прирабница
**(46)** Сечило за пила
**(47)** Внатрешна стезна прирабница
**(48)** Пеперутка-завртка за прилагодување на висината на столарската стега
**(49)** Навојна прачка
**(50)** Агломер за десниот дел на аголот на закосување (вертикално)
**(51)** Скала за аголот на закосување (вертикално)
**(52)** Агломер за левиот дел на аголот на закосување (вертикално)
**(53)** Копче за блокада на аголот на закосување 47° (вертикално)
**(54)** Завртки за плочата за вметнување
**(55)** Аголен триаголник
**(56)** Завртки со внатрешна шестаголна глава на граничната водилка
**(57)** Завртки за агломерот (вертикално)
**(58)** Завртка за агломерот (хоризонтално)

## Технички податоци

| **Пила за оплата** | | **GCM 340-305 D** | **GCM 340-305 D** |
|---|---|---|---|
| Број на дел | | **3 601 M60 0..** | **3 601 M60 0B0** |
| Номинална јачина | W | 1800 | 1800 |
| Број на вртежи во празен од | $min^{-1}$ | 4050 | 4050 |
| Тежина[A)] | kg | 22,2 | 22,2 |
| Класа на заштита | | ⧈/ II | ⧈/ II |
| **Димензии за соодветни сечила за пила** | | | |
| Дијаметар на сечилото за пила **D** | mm | 305 | 305 |
| Дебелина на сечилото на пила | mm | 1,4–2,2 | 1,4–2,2 |

| Пила за оплата | | GCM 340-305 D | GCM 340-305 D |
|---|---|---|---|
| макс. ширина на сечење | mm | 3,2 | 3,2 |
| Дијаметар на отворот **d** | mm | 30 | 25,4 |

A) Со столарска стега, без струен кабел

Дозволени димензии на делот што се обработува (максимални/минимални): (види „Дозволени димензии на делот што се обработува“, Страница 24)

Податоците важат за номинален напон [U] од 230 V. Овие податоци може да отстапуваат при различни напони, во зависност од изведбата во односната земја.

Вредностите може да варираат во зависност од производот и зависат од примената и условите на животната средина. Повеќе информации може да најдете на www.bosch-professional.com/wac.

### Информација за бучава

Вредностите за емисија на бучава се одредуваат согласно **EN IEC 62841-3-9**.

Нивото на звук на електричниот алат оценето со A типично изнесува: ниво на звучен притисок **96** dB(A); ниво на звучна јачина **105** dB(A). Несигурност K = **3** dB.

**Носете заштита за слухот!**

Вредноста на емисија на бучава наведена во овие упатства е измерена со нормирана постапка за мерење и може да се користи за меѓусебна споредба на електрични алати. Исто така може да се прилагоди за предвремена процена на емисијата на бучава.

Наведената вредност на емисија на бучава се однесува на основната примена на електричниот алат. Доколку електричниот алат се користи за други примени, алатот што се вметнува отстапува од нормите или недоволно се одржува, вредноста на емисијата на бучава може да отстапува. Ова може значително да ја зголеми емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

За прецизно одредување на емисијата на бучава, треба да се земе предвид периодот во кој уредот е исклучен или едвај работи, а не во моментот кога е во употреба. Ова може значително да ја намали емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

## Монтажа

▶ **Избегнувајте невнимателно вклучување на електричниот алат. За време на монтажата и при сите интервенции на електричниот алат, струјниот приклучок не смее да се приклучува на напојување на струја.**

### Обем на испорака



За тоа внимавајте на приказот на обемот на испорака на почетокот на упатството за употреба.

Пред првата употреба на електричниот алат, дали сите долу наведени делови се испорачани:

- Пила за оплата со монтирано сечило на пилата
- Кеса за прав **(43)**
- Адаптер за всисување **(42)**
- Основа на делот за обработка **(16)** (2 парчиња)
- Столарска стега **(19)**
- Клуч со внатрешна шестаголна глава **(27)**
- Аголен триаголник **(55)**

**Напомена:** Проверете дали на електричниот алат има евентуални оштетувања.
Пред понатамошната употреба на електричниот алат, мора да ги проверите заштитните уреди и деловите што лесно може да се оштетат дали се беспрекорни и соодветни на намената. Проверете дали подвижните делови функционираат беспрекорно и не се заглавуваат и дали се оштетени деловите. Сите делови мора да се правилно монтирани и да ги исполнуваат сите услови, за да обезбедат беспрекорна работа.
Оштетените заштитни уреди и делови мора да бидат поправени или заменети од страна на овластена сервисна работилница.

### Монтажа на поединечните делови

- Внимателно извадете ги сите испорачани делови од амбалажата.
- Извадете ја целата амбалажа од електричниот уред и од испорачаната опрема.

**Монтирање на основата на делот за обработка (види слика A)**

Основата на делот за обработка **(16)** може да се позиционира лево, десно или напред на електричниот алат. Флексибилниот систем за приклучување ви овозможува различни опции за продолжување или проширување (види слика **I**).

- По потреба, приклучете ја основата на делот за обработка **(16)** во прифатите **(40)** на електричниот алат или во прифатите **(41)** на втората основа на делот за обработка.

▶ **Никогаш не го носете електричниот алат за основите на делот за обработка.**
**За транспортирање на електричниот алат, користете ги секогаш уредите за транспорт.**

### Фиксна или флексибилна монтажа

▶ **За да се овозможи безбедно ракување, електричниот алат мора да се монтира пред употребата на рамна и стабилна работна површина (на пр. работна клупа).**

**Монтажа на работна површина (види слика B1–B2)**

- Зацврстете го електричниот алат со соодветни завртки на работната површина. За тоа служат отворите **(8)**.

*или*

– Зацврстете ги ногарките на електричниот алат со обични столарски стеги на работната површина.

**Монтажа на работна маса на Bosch**

GTA-работните маси на Bosch му нудат стабилност на електричниот алат на секоја подлога со помош на ногарките што се подесливи во висина. Подлогите за делот што се обработува на работната маса служат како потпора на подолгите делови за обработка.

▶ **Прочитајте ги сите напомени за предупредување и упатства што се приложени на работната маса.** Грешките настанати при непридржување до напомените за предупредување и упатствата може да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди.

▶ **Монтирајте ја правилно работната маса, пред да го монтирате електричниот алат.** Беспрекорната монтажа е важна за избегнување на ризикот од расклопување.

– Монтирајте го електричниот алат во транспортна положба на работната маса.

**Флексибилна инсталација (не се препорачува!) (види слика C)**

Доколку, во исклучителни случаи, не е возможно да го монтирате електричниот алат на рамна и стабилна работна подлога, може привремено да го поставите со заштита од превртување.

▶ **Без заштитата од превртување, електричниот алат нема да биде стабилен и може да се преврти при сечење на максимални хоризонтални и/или вертикални агли на закосување.**

– Свртете ја заштитата од превртување **(12)** навнатре или нанадвор додека електричниот алат не застане рамно на работната површина.

## Всисување на прав/струготини

Избегнувајте работа без мерки за намалување на прашината.
Соодветен уред за всисување прав или кутија за прав/торба за прав ќе го намали здравствениот ризик од прашината. Погрижете се за добра проветреност на работното место. Секогаш користете соодветна респираторна заштита. Кога користите кутија за прав, испразнете ја навреме и редовно чистете го елементот на филтерот за да обезбедите оптимално всисување прав.
Кога користите всисувач, внимавајте на следните барања. Внимавајте на важечките прописи на Вашата земја за материјалот кој го обработувате.

▶ **Избегнувајте собирање прав на работното место.** Правта лесно може да се запали.

| **Барања за всисувачот** | | |
|---|---|---|
| Препорачан номинален дијаметар на цревото | mm | **28** |
| Потребен потпритисок[A)] | mbar<br>hPa | ≥ **140**<br>≥ **140** |
| Потребна количина на проток[A)] | l/s<br>$m^3/h$ | ≥ **23**<br>≥ **82,8** |
| Препорачана ефикасност на филтерот | | Класа на прашина M[B)] |

A) Вредност на моќноста на приклучокот за всисување на електричниот алат

B) Според IEC/EN 60335-2-69

Следете го упатството на всисувачот. Престанете да работите кога ќе се намали моќноста на всисување и отстранете ја причината.

Всисувачот за прав/струготини може да се блокира поради прав, струготини или скршени парчиња од делот што се обработува.

– Исклучете го електричниот алат и извлечете го струјниот приклучок од приклучницата.

– Почекајте додека сечилото за пила целосно не дојде во состојба на мирување.

– Откријте ја причината за блокада и отстранете ја.

**Сопствено всисување (види слика D)**

За едноставно собирање на струготините користете ја испорачаната ќеса за прав **(43)**.

– Ставете ја ќесата за прав **(43)** на исфрлувачот на струготини **(36)**.

За време на сечењето, ќесата за прав никогаш не треба да дојде во допир со подвижните делови на уредот.
Редовно празнете ја ќесата за прав.

▶ **Проверете ја и исчистете ја ќесата за прав по секоја употреба.**

▶ **За да избегнете опасност од пожар, при сечење на алуминиум, извадете ја ќесата за прав.**

**Надворешно всисување (види слика E)**

За всисување, на адаптерот за всисување **(42)** може да приклучите црево за всисување прав (Ø **35** mm).

– Притиснете го адаптерот за всисување **(42)**со вртење во исфрлувачот на струготини, додека не се вклопи преку затегнувачкиот прстен на исфрлувачот на струготини **(36)**.

– Поврзете го цревото за ќесата за прав со адаптерот за всисување **(42)** (**Click&Clean-приклучок**).

Всисувачот за прашина мора да е соодветен на материјалот на парчето што се обработува.

При всисување на особено опасни по здравје, канцерогени или суви честички прав, користете специјален всисувач.

**Чистење на адаптерот за всисување**

Заради обезбедување на оптимално всисување, адаптерот за всисување **(42)** мора редовно да се чисти.

– Извлечете го адаптерот за всисување **(42)** со вртење од исфрлувачот на струготини **(36)**.

– Отстранете ги искршените делови од работниот дел и струготините.

– Повторно притиснете го адаптерот за всисување со вртење во исфрлувачот на струготини, додека не се

вклопи преку затегнувачкиот прстен на исфрлувачот на струготини.

### Замена на сечилото за пила (види слика F1–F4)

▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

▶ **При ставањето на сечилото за пила носете заштитни ракавици.** Доколку го допрете сечилото за пила постои опасност од повреда.

Употребувајте само сечила за пила, чија максимално дозволена брзина е повисока од бројот на празни вртежи на вашиот електричен алат.

Користете само сечила за пила, кои одговараат на наведените податоци во ова упатство за употреба или се проверени според EN 847-1 и се соодветно означени.

Користете само сечила за пила, што се препорачани од производителот на овој електричен алат и се погодни за материјалот што сакате да го обработувате. Ова ќе спречи прекумерно загревање на запците на пилата за време на сечењето.

#### Вадење на сечилото за пила

- Притиснете го транспортниот осигурувач **(28)** навнатре за да ја заклучите раката на алатот во работната положба. Ова го олеснува менувањето на сечилото на пилата.
- Навалете го осцилаторниот заштитен капак **(7)** наназад и во оваа позиција.
- Свртете ја завртката со внатрешна шестаголна глава **(44)** со испорачаниот клуч со внатрешна шестаголна глава **(27)** и истовремено притиснете ја блокадата за вретеното **(23)**, додека не се вклопи.
- Држете ја притисната блокадата на вретеното **(23)** и одвртете ја завртката со внатрешна шестаголна глава **(44)** во правец на стрелките на часовникот (лев навој!).
- Извадете ја стезната прирабница **(45)**.
- Извадете го сечилото за пила **(46)**.
- Полека вратете го осцилаторниот заштитен капак надолу.

#### Монтирање на сечилото за пила

▶ **При монтажата, внимавајте правецот на сечење на запците (правецот на стрелката на сечилото за пила) да се совпаѓа со правецот на стрелката на заштитниот капак!**

Доколку е потребно, пред монтажата исчистете ги сите делови што треба да се монтираат.

- Навалете го осцилаторниот заштитен капак **(7)** наназад и држете го во оваа позиција.
- Ставете го новото сечило за пила на внатрешната стезна прирабница **(47)**.
- Поставете ги стезната прирабница **(45)** и завртката со внатрешна шестаголна глава **(44)**. Притиснете ја блокадата на вретеното **(23)** додека не се вклопи и затегнете ја завртката со внатрешна шестаголна глава во правец спротивен на стрелките на часовникот.
- Полека вратете го осцилаторниот заштитен капак надолу.
- Притиснете ја надолу дршката на рачката на алатот **(4)**, за да го ослободи транспортниот осигурувач **(28)**.
- Притоа целосно извлечете го транспортниот осигурувач **(28)** нанадвор.
  Рачката на алатот сега е повторно слободно подвижна.

# Употреба

▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

### Транспортен осигурувач (види слика G)

Транспортниот осигурувач **(28)** Ви овозможува лесно ракување со електричниот алат при транспорт на различни места на примена.

#### Отклучување на електричниот алат (работна позиција)

- Притиснете ја надолу дршката на рачката на алатот **(4)**, за да го ослободи транспортниот осигурувач **(28)**.
- Притоа, целосно извлечете го нанадвор транспортниот осигурувач **(28)**.
- Полека водете ја рачката на алатот нагоре.

#### Прицврстување на електричниот алат (позиција за транспорт)

- Олабавете ја завртката за фиксирање **(1)**, ако го заглавува механизмот за влечење **(2)**. Извлечете го кракот на алатот целосно нанапред и повторно затегнете ја завртката за фиксирање за блокирање на механизмот за влечење.
- За фиксирање на масата за сечење **(32)** затегнете го копчето за фиксирање **(11)**.
- Повлечете го кракот на алатот на рачката **(4)** надолу, додека транспортниот осигурувач **(28)** целосно не се притисне навнатре.

Сега кракот на алатот е безбедно блокиран за транспорт.

### Подготовка за работа

#### Продолжување/проширување на масата за пила (види слика H–I)

Долгите и тешки делови што се обработуваат мора да се потпрат на слободниот крај или да се прицврстат.

Масата за пила може да се продолжи на левата и десната страна со помош на продолжетоците **(15)**.

- Преклопете го нагоре затегнувачкиот лост **(31)**.
- Извлечете го нанадвор продолжетокот на масата за сечење **(15)** до саканата должина.
- За фиксирање на продолжетокот на масата за пила повторно притиснете го надолу затегнувачкиот лост **(31)**.

Флексибилниот систем за приклучување на основите на делот за обработка **(16)** ви овозможува различни опции за продолжување или проширување.

- По потреба, приклучете ја основата на делот за обработка **(16)** во прифатите **(40)** на електричниот алат или во прифатите **(41)** на втората основа на делот за обработка.

▶ **Никогаш не го носете електричниот алат за основите на делот за обработка. За транспортирање на електричниот алат, користете ги секогаш уредите за транспорт.**

**Отстранување/Поместување на подесливата гранична водилка (види слика J)**

При сечење на вертикални агли со закосување, во зависност од правецот на сечење, мора сосема да ја отстраните левата или десната подеслива гранична водилка **(18)** или да ја извлечете нанадвор.

- Олабавете ги пеперутка-завртките **(37)**.
- *Отстранување:*
  Подигнете ја подесливата гранична водилка **(18)** нагоре.
  *Поместување:*
  Целосно извлечете ја граничната водилка **(18)** нанадвор.

По сечење на вертикалните агли на закосување, ставете ја подесливата гранична водилка **(18)** повторно во почетната позиција и затегнете ги пеперутка-завртките **(37)**.

**Прицврстување на делот што се обработува (види слика K)**

За овозможување на оптимална работна безбедност, секогаш мора добро да го прицврстите делот што се обработува.
Не обработувајте парчиња, кои се премали за добро да се зацврстат.

- Притиснете го делот што се обработува кон граничните водилки **(17)** и **(18)**.
- Вметнете ја испорачаната столарската стега **(19)** во отворите предвидени за таа намена **(39)**.
- Олабавете ја пеперутка-завртката **(48)** и подесете ја столарската стега на делот што се обработува. Повторно затегнете ја пеперутка-завртката.
- Цврсто затегнете ја навојната прачка **(49)** и со неа фиксирајте го делот што се обработува.

**Олабавување на делот што се обработува**

- За да ја олабавите столарската стега, свртете ја навојната прачка **(49)** во правец спротивен на стрелките на часовникот.

## Подесување на хоризонталниот агол на закосување

- Подесете го електричниот алат во работна позиција.

**Поставување на хоризонтални стандардни агли на закосување (види слика L)**

**За брзо и прецизно подесување на често користени хоризонтални агли на закосување** на масата за пила има жлебови **(14)**:

| **лево** | **десно** |
|---|---|
| 0° | |
| 52°; 45°; 31,6°; 22,5°; 15° | 15°; 22,5°; 30°; 45°; 60° |

- Отпуштете го копчето за фиксирање **(11)**, доколку е затегнато.
- Притиснете го копчето за заклучување **(10)** надолу и вртете ја масата за пила **(32)** со копчето за фиксирање кон лево или десно, додека агломерот **(13)** не го покаже саканиот стандардниот хоризонтален агол на закосување.
- Повторно отпуштете го копчето за заклучување **(10)**. Масата за пила мора звучно да се вклопи во жлебот.
- Повторно затегнете го копчето за фиксирање **(11)**.

**Подесување на хоризонтални агли на закосување**

Хоризонталниот агол на закосување може да се поставува во опсег од **52**° (на левата страна) до **60**° (на десната страна).

- Отпуштете го копчето за фиксирање **(11)**, доколку е затегнато.
- Притиснете го копчето за заклучување **(10)** надолу и вртете ја масата за пила **(32)** со копчето за фиксирање кон лево или десно, додека агломерот **(13)** не го покаже саканиот хоризонтален агол на закосување.
- Повторно отпуштете го копчето за заклучување **(10)**.
- Повторно затегнете го копчето за фиксирање **(11)**.

## Подесување на вертикалниот агол на закосување

Вертикалниот агол на закосување може да се поставува во опсег од **47**° (на левата страна) до **47**° (на десната страна).

За брзо и прецизно подесување на често користени вертикални агли на закосување, предвидени се фиксни позиции за агли од 0°, 33,9° и 22,5°.

**Подесување на агломерот за десниот вертикален опсег на аголот на закосување (0° до 45°) (види слика M1)**

- Извлечете ја десната подеслива гранична водилка **(18)** целосно нанадвор одн. целосно извадете ја.
- Олабавете го тркалото за стегање **(38)**.
- Навалете го кракот на алатот на рачката **(4)** малку налево од положбата 0° и притиснете го лостот за приспособување **(20)** налево.
- Завртете го кракот на алатот на рачката **(4)** надесно додека агломерот **(50)** не го покаже саканиот агол на закосување на скалата **(51)**.
- Држете ја рачката на алатот во оваа позиција и повторно затегнете го тркалото **(38)**.

**Подесување на левиот вертикален опсег на аголот на закосување (0° до 45°) (види слика M2)**

- Извлечете ја левата подеслива гранична водилка **(18)** целосно нанадвор одн. целосно извадете ја.
- Олабавете го тркалото за стегање **(38)**.
- Завртете го кракот на алатот на рачката **(4)** налево додека агломерот **(52)** не го покаже саканиот агол на закосување на скалата **(51)**.
- Држете ја рачката на алатот во оваа позиција и повторно затегнете го тркалото **(38)**.

**Подесување на вкупниот вертикален опсег на аголот на закосување (види слика M3)**

- Проверете дали е поставен вертикален агол на закосување од < 45° (налево или надесно).
  Ова е единствениот начин на кој може да го притиснете копчето за блокада **(53)**.
- Притиснете го копчето за блокада **(53)** целосно надолу.
  Сега може да го користите целиот опсег на аголот на закосување од 47° (налево или надесно).

**Поставување на вертикални стандардни агли на закосување (види слика M4)**

- Извлечете ја подесливата гранична водилка **(18)** целосно нанадвор одн. целосно извадете ја.
- Олабавете го тркалото за стегање **(38)**.

*Стандарден агол на закосување 0°:*

- Завртете ја рачката на алатот малку налево над 0°-позиција, а потоа надесно додека не почувствувате дека ќе се вклопи во 0°-позицијата.
- Повторно затегнете го тркалото за стегање **(38)**.

*Стандардни агли на закосување 33,9° и 22,5°:*

- Олабавете го лостот за блокада **(21)** нагоре.
- Навалете ја рачката на алатот кон лево или десно, се додека агломерот **(52)**/**(50)** не го покажува саканиот вертикален агол на закосување.
  Рачката на алатот мора да е видно вклопена.
- Повторно затегнете го тркалото за стегање **(38)**.

## Ставање во употреба

- ▶ **Внимавајте на електричниот напон!** Напонот на струјниот извор мора да одговара на оној кој е наведен на спецификационата плочка на електричниот алат.

**Вклучување (види слика N)**

- За **ставање во употреба** на електричниот алат **прво** турнете ја блокадата при вклучување **(5)** навнатре.
  **Потоа** целосно притиснете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(34)** и држете го притиснат.

**Напомена:** Поради безбедносни причини прекинувачот за вклучување/исклучување **(34)** не се блокира, туку мора постојано да се држи притиснат за време на работата.

**Исклучување**

- За **исклучување** отпуштете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(34)**.

## Сечење

**Општи напомени за сечење**

- ▶ **Секогаш затегнувајте ги копчето за фиксирање (11) и тркалото за стегање (38) пред сечењето.** Инаку сечилото за пила може да се заглави во делот што се обработува.
- ▶ **При сите резови најпрво мора да се осигурате, дека сечилото за пила во ниеден момент нема да ја допре граничната водилка, столарските стеги или другите делови на уредот. Извадете го евентуално монтираниот помошен граничник или соодветно подесете го.**

Заштитете го сечилото за пила од удари. Не го изложувајте сечилото за пила на страничен притисок.

Сечете само материјали, кои се дозволени за наменската употреба.

Не обработувајте искривени делови. Делот што се обработува мора да има секогаш прав раб за поставување на граничната водилка.

Долгите и тешки делови што се обработуваат мора да се потпрат на слободниот крај или да се прицврстат.

Проверете дали осцилаторната заштитна хауба може правилно да функционира и дали може слободно да се движи. Кога ја водите рачката на алатот надолу, мора да го отворите осцилаторниот заштитен капак. Кога го водите рачката на алатот нагоре, осцилаторниот заштитен капак мора да се затвори преку сечилото за пила и да се фиксира во најгорната позиција на кракот на алатот.

**Позиција на корисникот (види слика O)**

- ▶ **Не застанувајте во една линија со сечилото за пила пред електричниот алат, туку секогаш странично од сечилото за пила.** На тој начин, Вашето тело е заштитено од можен повратен удар.
- Држете ги дланките прстите и рацете подалеку од ротирачкото сечило за пила.
- Не ги прекрстувајте дланките пред рачката на алатот.

**Сечење со влечење**

- За сечење со помош на механизмот за влечење **(2)** (широки делови за обработка) олабавете ја завртката за фиксирање **(1)**, доколку таа е затегната.
- По потреба поставете го саканиот хоризонтален и/или вертикален агол на закосување.
- Притиснете го делот што се обработува кон граничните водилки **(17)** и **(18)**.
- Прицврстете го делот што се обработува согласно димензиите.
- Поместете го рачката на алатот од граничните водилки **(17)**, додека сечилото за пила не дојде пред делот што се обработува.
- Вклучете го електричниот алат.

– Полека водете ја надолу рачката на алатот со дршката **(4)**.
– Сега притиснете го кракот на алатот во правец на граничните водилки **(17)** и **(18)** и сечете го делот што се обработува со рамномерен притисок.
– Исклучете го електричниот алат и почекајте додека сечилото за пила не дојде целосно во состојба на мирување.
– Полека водете ја рачката на алатот нагоре.

**Сечење без влечење (отсекување) (види слика P)**

– За сечење без повлекување (мали делови за обработка) олабавете ја завртката за фиксирање **(1)**, доколку истата е затегната. Поместете ја рачката на алатот до крај во правец на граничните водилки **(17)** и повторно затегнете ја завртката за фиксирање **(1)**.
– По потреба поставете го саканиот хоризонтален и/или вертикален агол на закосување.
– Притиснете го делот што се обработува кон граничните водилки **(17)** и **(18)**.
– Прицврстете го делот што се обработува согласно димензиите.
– Вклучете го електричниот алат.
– Полека водете ја надолу рачката на алатот со дршката **(4)**.
– Сечете го делот што се обработува со ист притисок.
– Исклучете го електричниот алат и почекајте додека сечилото за пила не дојде целосно во состојба на мирување.
– Полека водете ја рачката на алатот нагоре.

## Совети при работењето

**Означување на линијата за сечење (види слика Q)**

Работното светло ја подобрува видливоста во непосредната работна површина и ви ја покажува линијата на сечење на сечилото на пилата. Притоа, делот што се обработува може точно да го позиционирате за сечење, без да го отворате осцилаторниот заштитен капак.

– Означете ја саката линија на сечење на делот што се обработува.
– Вклучете го работното светло со прекинувачот **(35)**.
– Навалете го кракот на алатот надолу, пред делот што се обработува.
  Сенката од сечилото на пилата ќе се појави на делот што се обработува. Оваа линија на сенка го претставува материјалот што се отстранува со сечилото на пилата за време на сечењето.
– Насочете ги ознаките на делот што се обработува на линијата на сенката.

**Дозволени димензии на делот што се обработува**

**Максимални** делови за обработка:

| Хоризонтален агол на закосување | Вертикален агол на закосување | Висина x ширина [mm] |
|---|---|---|
| 0° | 0° | 105 x 340 |
| 45° | 0° | 105 x 245 |
| 0° | 45° (лево) | 70 x 340 |
| 45° | 45° (лево) | 70 x 245 |
| 0° | 45° (десно) | 48 x 340 |
| 45° | 45° (десно) | 48 x 245 |

**Максимална длабочина на резот** (0°/0°): 105 mm

**Сечење делови со еднаква должина (види слика R)**

За едноставно сечење на делови со еднаква должина може да го употребите левиот или десниот граничник за должина **(29)**.

– Повлечете го граничникот за должина **(29)** нагоре.
– Поставете го продолжетокот на масата за пила **(15)** на саканата должина на делот што се обработува.

**Подесување на граничникот за длабочина (сечење на жлеб) (види слика S)**

Граничникот за длабочина мора да се помести, доколку сакате да исечете жлеб.

– Свртете го граничникот за длабочина **(25)** кон надвор.
– Навалете ја рачката на апаратот на дршката **(4)** во саканата позиција.
– Свртете ја завртката за подесување **(26)**, додека крајот на завртката не го допре граничникот за длабочина **(25)**.
– Полека водете ја рачката на алатот нагоре.

**Специјални делови за обработка**

При сечење на свиткани или тркалезни делови за обработка, мора добро да ги обезбедите од лизгање. На линијата на сечење не смее да постои процеп меѓу делот што се обработува, граничната водилка и масата за пила.

Доколку е потребно, мора да направите специјални држачи.

**Менување на плочата за вметнување (види слика T)**

Плочата за вметнување **(9)** може да се истроши по подолга употреба на електричниот алат.

Променете ја дефектната плоча за вметнување.

– Подесете го електричниот алат во работна позиција.
– Одвртете ги завртките **(54)** со обичен крстест одвртувач и извадете ја старата плоча за вметнување **(9)**.
– Ставете ја новата плоча за вметнување и повторно затегнете ги завртките **(54)**.

## Обработка на профилни лајсни

Профилните лајсни може да се обработуваат на два различни начини:

| Позиционирање на делот што се обработува | Подна лајсна | Плафонски лајсни |
|---|---|---|
| – поставени кон граничната водилка |  |  |
| – плоснато лежејќи на масата за пила |  |  |

Понатаму, независно од ширината на профилната лајсна, може да сечете со или без повлекување.

Секогаш проверете го поставениот агол на закосување (хоризонтален и/или вертикален) најпрво на отпадно дрво.

## Проверка и подесување на основните поставки

За гарантирање на прецизни резови мора да ги проверите основните поставки по интензивно користење на електричниот алат и евентуално да ги подесите.
За тоа ви е потребно искуство и соодветен специјален алат.

Сервисната служба на Bosch оваа работа ја води прецизно и доверливо.

**Израмнување на граничната водилка**

– Подесете го електричниот алат во транспортна позиција.
– Отпуштете го копчето за фиксирање **(11)**, доколку е затегнато.
– Притиснете го копчето за заклучување **(10)** надолу и вртете ја масата за пила **(32)** до жлебот **(14)** за 0°.
– Повторно отпуштете го копчето за заклучување **(10)**. Масата за пила мора звучно да се вклопи во жлебот.
– Отстранете ги подесливите гранични водилки **(18)**.

**Проверка (види слика U1)**

– Поставете го аголниот триаголник **(55)** со агол од 90° на исто ниво со сечилото на пилата **(46)** помеѓу граничната водилка **(17)** и сечилото за пилата на масата за пилата **(32)**.

Кракот од аголниот триаголник мора да биде на исто ниво со граничната водилка по целата должина.

**Подесување (види слика U2)**

– Олабавете ги сите завртки со внатрешна шестаголна глава **(56)** со испорачаниот внатрешен шестаголен клуч **(27)**.
– Свртете ја граничната водилка **(17)** додека аголниот триаголник не лежи прецизно по целата должина.
– Повторно затегнете ги завртките.

**Израмнување на агломерот (вертикално) (види слика V)**

– Завртете ја рачката на алатот малку налево над 0°-позиција, а потоа надесно додека не почувствувате дека ќе се вклопи во 0°-позицијата.

**Проверка**

Агломерите **(50)** и **(52)** мора да бидат во согласност со 0°-ознаките на скалата **(51)**.

**Подесување**

– Олабавете ги завртките **(57)** со крстест одвртувач и центрирајте го агломерот по должина на соодветната 0°-ознака.
– Повторно затегнете ги завртките.

**Хоризонтално подесување на агломерот (види слика W)**

– Подесете го електричниот алат во работна позиција.
– Свртете ја масата за пила **(32)** до жлебот **(14)** за 0°. Лостот мора осетно да се вклопи во жлебот.

**Проверка**

Агломерот **(13)** мора да биде во една линија со 0°-ознаката на скалата **(33)**.

**Подесување**

– Олабавете ја завртката **(58)** со крстест одвртувач и центрирајте го агломерот по должина на 0°-ознаката.
– Повторно зацврстете ја завртката.

## Транспорт на електричниот алат (види слика X)

Пред транспортот на електричниот алат мора да ги извршите следните чекори:

– Олабавете ја завртката за фиксирање **(1)**, доколку таа е затегната. Извлечете ја рачката на алатот целосно нанапред и повторно затегнете ја завртката за фиксирање.
– Проверете дали граничникот за длабочина **(25)** е притиснат сосема навнатре и завртката за подесување **(26)** при движењето на кракот на алатот минува низ отворот без да го допре граничникот за длабочина.
– Подесете го електричниот алат во транспортна позиција.
– Отстранете ги деловите на опремата, кои не може цврсто да се монтираат на електричниот алат. Ставете ги неискористените сечила за пила во затворена кутија, доколку сакате да ги транспортирате.
– Електричниот алат носете го со транспортната рачка **(3)** или фатете го за жлебовите за држење **(30)** странично на масата за пила.

▶ **За транспортирање на електричниот алат, користете ги секогаш уредите за транспорт, а не заштитните уреди или основите на делот за обработка.**

# Одржување и сервис

## Одржување и чистење

- ▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**
- ▶ **Одржувајте ја чистотата на електричниот апарат и отворите за проветрување, за да може добро и безбедно да работите.**

Доколку е потребно користење на приклучен кабел, тогаш набавете го од **Bosch** или специјализирана продавница за **Bosch**-електрични алати, за да избегнете загрозување на безбедноста.

Осцилаторниот заштитен капак **(7)** мора секогаш да се движи слободно и самостојно да се затвора. Пределот околу осцилаторниот заштитен капак треба секогаш да биде чист.

Отстранете ја правта и струготините со издувување со компресиран воздух или со четка по секоја работна постапка.

Редовно чистете го лизгачкиот валјак **(22)**.

**Мерки за намалување на бучавата**

Мерки на производителот:

- Фин старт
- Испорака со сечило за пила специјално развиено за намалување на бучавата

Мерки на корисникот:

- Монтажа без многу вибрации на стабилна работна површина
- Примена на сечила за пила со функција на намалување на бучавата
- Редовно чистење на сечилото за пила и електричниот алат

## Сервисна служба и совети при користење

**Северна Македонија**
Тел.: 02/ 246 76 10

За сите прашања и нарачки на резервни делови, Ве молиме наведете го 10-цифрениот број од спецификационата плочка на производот.

## Отстранување

Електричните алати, опремата и амбалажите треба да се отстранат на еколошки прифатлив начин.



Не ги фрлајте електричните алати во домашната канта за отпадоци!

**Само за земјите од ЕУ:**

Електричната и електронската опрема што веќе не е употреблива мора да се собира посебно и да се фрла на еколошки начин. Користете ги соодветните системи за собирање. Неправилното фрлање може да биде штетно за животната средина и здравјето на луѓето поради можното присуство на опасни материи.


Ø 28 mm:
2 608 000 772 (3.2 m)
GAS 18V-12 MC
Ø 28 mm:
2 608 000 885 (4 m)
GAS 12-40 MA
GAS 35 M AFC
Ø 22 mm:
2 608 000 567 (5 m)
Ø 35 mm:
2 608 000 565 (5 m)
GAS 55 M AFC
ANTISTATIC
Ø 22 mm:
2 608 000 568 (5 m)
Ø 35 mm:
2 608 000 566 (5 m)

Servicekontakte
Service Contacts
Contacts de Service
Contactos de Servicio
Контакты сервисных центров

https://www.bosch-pt.com/serviceaddresses

Garantiebedingungen
Guarantee Conditions
Conditions de Garantie
Condiciones de Garantía
Условия гарантии

https://www.bosch-pt.com/guarantee/202601